ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDERMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-6444/14
Дата, Data 28-07-2021
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи, пречистен текст („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 167/2015 и 27/2016 и 120/2018) и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, по објавениот Јавен оглас бр.15/2021 од 14.07.2021 година за вработување на помошно-технички лица за работното место КДР0401А03005 Хигиеничар во Одделение за општи работи во Сектор „Правни и општи работи“ за 1 (еден) извршител, директорот на претпријатието донесе

# **О Д Л У К А**

за избор на кандидат за склучување
Договор за вработување на неопределено време

**Член 1**

Од пријавените кандидати по Јавниот оглас бр.15/2021 објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ на ден 14.07.2021 година, за засновање на работен однос на 1 (еден) извршител на работно место КДР0401А03005 Хигиеничар во Одделение за општи работи во Сектор „Правни и општи работи“, се избира кандидатот:

**Билјана Ковачевска**

**Член 2**

Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и канализација – Скопје и Записникот од спроведената постапка арх. Бр.0401-6444/13 од 27.07.2021 година, а врз основа на приложената документација со Обрасците за пријава на јавен оглас доставена од кандидатот од која е утврдено дека во целост ги исполнува бараните услови.

**Член 3**

Избраниот кандидат ќе заснова работен однос на ден 01.08.2021 година со потпишување на Договор за вработување помеѓу работникот и работодавачот.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а за нејзино реализирање се задолжува Сектор Човечки ресурси.

О б р а з л о ж е н и е

Со Одлука бр.0401-6444/1 од 13.07.2021 година донесена од директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје, распишан е Јавен оглас бр.15/2021 за прием на 1 (еден) извршител на работно место КДР0401А03005 Хигиеничар во Одделение за општи работи во Сектор „Правни и општи работи“.

Јавниот оглас бр.15/2021 беше објавен на ден 14.07.2021 година во дневните весници Нова Македонија и Коха.

На јавниот оглас аплицираа вкупно 2 (два) кандидати.

Директорот на претпријатието со Решение бр.0401-6444/12 од 23.07.2021 година формира комисија за проверка на документите пристигнати по јавниот оглас бр.15/2021.

Комисијата на ден 27.07.2021 година изврши проверка на доставените Пријави и приложените документи кон пријавите по Јавниот оглас за вработување бр.15/2021 објавен на ден 14.07.2021 година во дневните весници Нова Македонија и Коха, за работното место под реден број 3. КДР0401А03005 Хигиеничар во Одделение за општи работи во Сектор „Правни и општи работи“ и изготви записник заведен со бр. 0401-6444/13 од 27.07.2021 година.

Комисијата му предложи на директорот да донесе одлука со која за склучување на договор за вработување за работно место место 3. КДР0401А03005 Хигиеничар во Одделение за општи работи во Сектор „Правни и општи работи“, ќе го избере кандидатот Билјана Ковачевска.

ДОСТАВЕНО ДО
- Кандидатите
- Сектор човечки ресурси х 2
- Архива на директор
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
Директор,
м-р Душко Весковски